РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 08-495/1
24-03-2020 год.
РАНКОВЦЕ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Штабот за заштита и спасување на Општина Ранковце на ден 19.03.2020 година во 09:30 часот одржа состанок при што од страна на Командантот на Штабот за заштита и спасување, Градоначалникот Ивица Тошевски беа донесени повеќе превентивни мерки кои ќе помогнат за справување со CORONA вирусот и тоа.**

- Предложи, односно наложи да се затворат сите спортски објекти на територијата на Општина Ранковце, исто така укажа и на Директорот на ООУ Х.Т. Карпош Христина Младеновска преку наставниците да ги извести, односно да укаже на учениците да не се собираат на спортските игралишта.
- ЈКП Чист Ден - Ранковце да го затвори зелениот и сточниот пазар во Општина Ранковце, односно во вторник кога е пазарен ден од страна на вработени од ЈКП Чист Ден со помош на ПО Ранковце.
- Командирот на Гранична полиција да ги зачести патролите долж границата со Република Србија, посебно на територијата на селата Грман, Пклиште и Нерав - Петралица. Исто така и при патролирање во село Герман ако има собири на луѓе во продавницата во село Герман да им биде укажано и да не им биде дозволено помасовно собирање. Исто така и во село Пклиште кое е викенд место, долж патот кон село Герман доколку има групирање на луѓе кои одат на излети да им биде укажано да не го прават тоа.
- ПО Ранковце да прават контроли на продавниците долж патот од село Псача до Ранковце и од Ранковце спрема Герман за да нема собирање на луѓе пред продавниците.
- Да се прати допис до свештените лица кои ја покриваат територијата на Општина Ранковце да ги известат луѓето, Верските обреди да бидат сведени на минимум, односно со помало присуство на луѓе.
- ЈКП Чист Ден - Ранковце комуналниот отпад да го собира поредовно, водата за пиење да биде хлорирана навремено, редовно чистење на јавните површини.
- Директорот на ООУ Х.Т.Карпош да укаже на хигиеничарите во училиштата редовно да одржуваат хигиена во истите, како и во школските дворови, исто така ако има барања од родители на деца за издавање на потврди на истите навремено да им бидат издавани.
- Да се прати допис до државен пазарен инспекторат да се зајакнат контролите во продавниците за да им биде укажано на сопствениците да ги отстранат масите и столовите пред продавниците за да нема собирање на луѓе пред нив.
- Да се изготви Соопштетение за да се известат граѓаните дека овој период ќе бидат ослободени од пријавување во Заводот за вработување.

- Влегувањето во Општинската зграда, во амбулантата, во аптеката, пошта, ветеринарна станица, во ЈКП Чист Ден да биде само по една странка, исто така да се известат сите продавници и маркети на територијата на Општина Ранковце истото да го спроведуваат и тие.
- Да се известат останатите фирми кои работат на територијата на Општина Ранковце да обезбедат услови за работа на своите вработени согласно препораките на Министерството за здравство.
- ЈКП Чист Ден да набави дополнителни средства за дезинфекција и да продолжи со редовна дезинфекција на сите јавни површини.
- Секој граѓанин е должен доколку има сознанија за граѓани вратени од странство во нашата Општина кои не ја почитуваат препораката за самоизолација од 14 дена да пријават до ПО Ранковце за да можат да превземат соодветни дејствија.
- Да се прати допис до Општинскиот Црвен Крст во Крива Паланка да излезат со свои тимови и на територијата на Општина Ранковце за да се помогне на старите и изнемоштени.
- Командирот на ТППЕ Ранковце со помош на ЈКП Чист Ден секојдневно да се врши перење на асфалтираните улици во село Псача, село Петралица, село Гиновци, Одрено, Опила и Ранковце
- Сите жители на Општина Ранковце да ги почитуваат сите мерки за заштита од Corona вирусот донесени од страна на Министерството за здравство и Владата на Република Северна Македонија.
- Општина Ранковце заради состојбата со Corona вирусот ќе работи со скатено работно време, од 08:30 до 14:30 часот.
- Да се почитува полицискиот час воведен од страна на Министерството за внатрешни работи.

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Ивица Тошевски**